# 1. Барања за издавање хронична терапија

Соочени со предизвикот Covid пандемија, а со цел да се овозможи функционирање на ординациите со намалување на физичкото присуство на пациентите за консултантски и административни услуги а со тоа и намалување на ризикот од ширење на пандемијата, Кодекс компјутери се насочи кон развој и пружање на нови електронски функционалности кои ќе допринесат кон остварување на горенаведената цел преку дигитална трансформација на одредени процеси. Еден од препознаените процеси кои може да бидат трансформирани и дигитално да се одвиваат е процесот на издавање терапија на пациентите со хронични заболувања. Со оглед на тоа што кај овие пациенти има доста случаи кога терапијата не се менува подолг временски период, а пациентот нема потреба секој месец да биде прегледан од матичниот лекар пред да му се издаде хроничната терапија, имплементирана е нова функционалност која овозможува креирање на барање за издавање на хронична терапија од страна на пациентите во електронска форма, без пациентот да се јавува телефонски или преку разни chat платформи (Viber, Messenger ...). Ова барање се креира од страна на пациентите преку специјализиран портал, кое потоа се проследува до матичниот лекар на пациентот, така што пациентот нема да има потреба да го посети својот матичен лекар во ординацијата, туку по добиеното повратно известување дека неговата терапија е издадена, истата ќе може директно да ја подигне од аптека. За користење на оваа функционалност клучна улога завзема порталот МоЕ-Здравје, во кој потребно е пациентите да бидат регистрирани.

**Што е МоЕ-Здравје?** МоЕ-Здравје е портал наменет за пациентите, кој е интегрален дел од Cx Health, платформа на Кодекс Компјутери за интеграција и размена на информации од здравствениот домен помеѓу здравствените работници, здравствените установи и пациентите. Неговата намена е да овозможи на пациентите електронски пристап до свои медицински податоци како и разни услуги од своите лекари за кои претходно била потребна физичка посета на ординација (пример дистрибуција на резултати од испитувањата пред се од микробиолошки и биохемиски лаборатории, креирање на барање за издавање хронична терапија по електронски пат до матичен лекар), со што на пациентите им се овозможува брз и безбеден пристап до одредени медицински податоци во електронска форма, независно во кое време и од кое место се побарани, како и можност за сигурна електронска комуникација со избраните лекари.

## 1.1 Регистрација на Мое-Здравје

За да може еден пациент да ги користи функционалностите на порталот **МоЕ-Здравје,** потребно е тој да биде регистриран во порталот. Регистрацијата на МоЕ-Здравје се прави само од страна на избраниот лекар т.е. преку софтверот Prima MEDICA, по издадената согласност од

пациентот за користење на порталот. Самата регистрација е многу едноставна и се извршува со клик на копчето **Регистрација на МоЕ-Здравје** во формата за таблетарна терапија (*Слика: 1*).



*Слика 1: Копче за регистрација на МоЕ-Здравје*

Потоа се прикажува формата **Месечна хронична терапија издадена во последните 30 дена** (*Слика: 2*). Во оваа форма е прикажана месечната хронична терапија која што е издадена во претходните 30 дена и тука лекарот треба да направи избор на дефиницијата на хроничната терапија која ќе биде регистрирана во порталот за пациентот и за истата пациентот ќе може да креира барања. Постои можност за избор од листата на хронична терапија со селектирање/деселектирање на одредената терапија. Селектираната (означената) терапија ќе се префрли во профилот на пациентот и истата ќе биде достапна за пациентот при креирање на барања. Задолжително за регистрација на порталот МоЕ-Здравје е потребно да се внесени валиден телефонски број и валидна емаил адреса во картотека. Со клик на копчето **Регистрирај и префрли терапија на МоЕ-Здравје** на екран се појавува порака дека е успешно извршена регистрација и запишана предефинираната терапија. Во случај доколку не се внесени сите задолжителни податоци (Име, Презиме, ЕМБГ,ЕЗБО,Телефон и Емаил) на екран ви се појавува формата **Осигуреници/Картотека** за да ги внесете тие податоци.




*Слика 2: Регистрација и префрлање на терапија на МоЕ-Здравје*

## 1.2 Активација на корисник на МоЕ-Здравје и креирање на барања

По извршената регистрација и дефинирањето на хроничната терапија од страна на матичниот лекар, пациентот на емиал добива порака со линк за активација на **МоЕ-Здравје**. Порталот е достапен на следната адреса www.moezdravje.mk. Наредните чекори се наменети за пациентите и овде се информативно споменати со цел и лекарите да бидат целосно запознаени со процесот на регистрација на пациентите и креирањето на барањата кон нив.

Со клик на линкот му се отвара порталот на **МоЕ-Здравје** каде што е потребно да внесе нова лозинка за најава (*Слика: 3*)




*Слика 3: Активација на МоЕ-Здравје*

Со клик на копчето **Внесете лозинка** се појавува формата за најава на порталот МоЕ-Здравје (*Слика: 4)*




*Слика 4: Најава на МоЕ-Здравје*

Во оваа форма потребно е да се внеси корисничко име за најава, односно ЕЗБО и лозинка. Со клик на копчето **Најави се** се отвара корисничкиот профил на корисникот (*Слика: 5*).




*Слика 5: Кориснички профил*

Корисникот (пациентот) има можност да избере која од пратените терапии од страна на матичниот лекар сака да ја нарача. Со штиклирање на избраната терапија и со клик на копчето **Креирај Барање** се појавува формата за потврда на барањето (*Слика: 6*). Во овој дел исто така има можност за внес на дополнителен коментар до матичниот лекар.




*Слика 6: Потврда при креирање барање за рецепти*

Со клик на копчето **Потврди**, се испраќа барањето до матичниот лекар и се појавува порака дека е успешно внесено барањето. Во формата **Мои барања,** корисникот може да ги провери веќе креираните барања, нивниот статус, датум на барање, датум на процесирање, како и детали за барањето (*Слика: 7*).




*Слика 7: Мои барања*

## 1.3 Реализација на пристигнати барања

Откако пациентот ќе го креира барањето, kaј матичниот лекар ќе се појави нотификација за нови барања (*Слика: 7*). Оваа нотификација се појавува на одреден временски период во софтверот Prima MEDICA, се додека не се отвори формата за нарачки.




*Слика 8: Нотификација за нови барања*

Исто така, по пристигнување на ново барање, се појавува и порака ***Нови барања за месечна хронична терапија*** во долниот десен агол на статус барот на самиот преглед (*Слика: 9* ).




*Слика 9: Нови барања за месечна хронична терапија*

Лекарот може до пристигнатите барања да пристапи преку посебна форрма наменета за тоа. До формата за **Нарачки за креирање рецепти** се пристапува преку главното мени **Пациенти/Нарачки за креирање на рецепти** (*Слика: 10*) .




*Слика 9: Пристап до формата нарачки*

Со кликнување на **Нарачки за креирање на рецепт** на екран ни се појавува следната форма (*Слика: 10*).




*Слика 10: Нарачки за креирање на рецепти*

Во оваа форма, лекарот има можност со клик на копчето **Превземи нови нарачки од МоЕ-Здравје** да ги превземе новокреираните барања. Од опаѓачкото мени може да одбере да ги прикаже Новите барања, Процесирани барања или пак Одбиени барања. Во левиот дел од формата ни е прикажана **Листа на креирани нарачки преку порталот МоЕ-Здравје.** Од листата може да избереме за која терапија сакаме да креираме рецепт со селектирање/деселектирање на терапијата, соодветно. Во десниот дел ни се прикажани **Детали за селектираната нарачка.** Постои можност за одбивање и процесирање на барање. Со клик на копчето **Означи одбиена нарачка** може се одбие некоја погрешно внесено барање, а со клик на копчето **Процесирај нарачка(креирање рецепт)** да се процесира барањето. Со клик на копчето **Процесирај нарачка(крерирај рецепт)** на екран ни се појавува форма за потврда на валидност на терапија. Доколку има потреба за лековите со препорака од специјалист може да се внеси или промени факсимил на специјалист, датум на извештај и број на извештај, датум на важност, дневна доза и број на парчиња за терапијата која оди на парчиња. По направени промени се клика на копчето **Запиши**. (*Слика: 11*).




*Слика 11: Потврда за валидост на терапија*

Откако ќе се потврди валидноста на сите рецепти, на екран се појавува ново дијалог прозорче (*Слика: 12*) Дека за нарачката успешно се креирани назначените рецепти, дали сакате да се означи како процесирана.




*Слика 12: Статус на нарачка*

Со клик на копчето **Да** се процесира нарачката и на екран ни се појавува ново прозорче за отварање на прегледот кој ги содржи рецептите. (*Слика: 13*)




*Слика 13: Отвори преглед*

Со процесирање на нарачка, автоматски се креира нов контролен преглед за пациентот, на кого ќе биде регистрирана издадената терапија. Да напоменме дека прегледот автоматски се регистрира и во Мој Термин, при што за него се зема соодветен код. Во делот за дијагнози за пациентот се пополнуваат дијагнозите од избраната терапија. Прегледот е назначен како контролен и услугата која се регистрира за него во Мој Термин е А1-3 Повторно препишување на рецепт. Со кликање на копчето **Да** се отвара креираниот преглед на пациентот во кој што е издадена нарачаната терапија.

По успешно Процесирано или Одбиено барање на корисникот (пациентот) му пристигнува известување (преку СМС и емаил или нотификација преку мобилна апликација) за статусот на неговата барање. Доколку барањето е успешно процесирано, пациентот може веднаш да ги реализира своите рецепти во аптека.